ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ул.Светозар Марковиќ“ 1
тел./факс 033 411 550
e-mail: info@delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 2
11.02.2020 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи
Гласникот е бесплатен

Февруари

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 11.02.2020 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за објавување на акти од 35. седница

на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **35. седница** која се одржа на ден **10.02.2020 година** и тоа:

1.Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина

Делчево за 2020 година;

2.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2020 година;

3. Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево;

4. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево ;

5. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализирани активности на Општинскиот Совет за бебедност на сообраќајот на патиштата-Делчево за 2019 година;

6.Годишна Програма за работа на Општинскиот Совет за бебедност на сообраќајот на патиштата-Делчево;

7.Одлука за промена на назив и скратен назив на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево – Пијанец"-Делчево.

8.Решение за разрешување и именување претставник на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

9.Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година;

10.Деловник за работа на Комисијата за еднакви можности;

11.Одлука за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

12.Одлука за утврдување максимален износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

13.Одлука за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на помошно-технички лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

14. Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за првото полугодие од учебната 2019/2020 година ;

15.Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија,

16.Полугодишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2019-2020 година со Заклучок за усвојување;

17.Одлука за приоритетен предлог за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| **Број 08- /1** | **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **11.02.2020 година** | **Градоначалник,** |
| **Делчево** | **Горан Трајковски,с.р.** |

1.
Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник 15/2015, 44/15, 98/15, 193/15), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево (Сл.гласник на Општина Делчево 15/2013), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2020 година

## ПРАВЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2020 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2020 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.Просторот- локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура
4.Извори на финансирање на Програмата
5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба
6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)
7.Динамика на извршување на Програмата
8.Останати активности

### 1.Просторот – локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма

Во текот на 2020 година во градот Делчево ќе се врши уредување на градежното земјиште со делумно уредување – основен степен на уредување под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација, а на следните локалитети:

а) Населба „Милково Брдо“

б) Населба „Ново Делчево“

в) Локалитет „Шумски расадник“

г) Населба „Станбена зона“ до Спортско рекреативен центар

д) Населба „Звегорска река“

ѓ) Локалитет „Стрелиште“ и „Стар монопол“

е) Локалитет „Стара партизанка“ и „Пекара“

ж) Населба „Старо Делчево“

з) Населба „Стар расадник“ и „Д2“

ѕ) Населба „Басарица“

и) Населба „Пролет“

ј) Локалитет „Индустриска зона“ и „Сервисна зона“

к) Локалитет „Стопански комплекс“

л) Населба „Грамадна“

љ) Цнтрално градско подрачје и урбана единица „2„-дел од блок 2.2

м) Туристичко рекреативен центар Голак

н) Локалитети и селски населби надвор од плански опфат.

2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура

Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со делумно уредување со изведување на следните работи и по локалитети: Изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари без асфалт), изведување на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа и улично осветлување, за приклучоци до градежната парцела (не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот).

3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура

а) Локалитет **„Милково брдо“** во Делчево

Во текот на 2020 година на локалитетот „Милково Брдо“ предвидено е да се работат следните активности:

- Реконструкција на дел од улица Вера Јоциќ
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Реконструкција на дел од водоводна мрежа
- Изградба на пристапни патеки и партерно уредување на локација со пристап на улица Питу Гули и локација со пристап на улица Пере Тошев;
- Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
- Раздвојување на фекална од атмосферска канализација и изградба на нова атмосферска канализација на дел од населбата Милково брдо – дел 2;
- Изработка на техничка документација за реконструкција на улиците Велко Влаховиќ и Пере Тошев;

б)Населба **„Ново Делчево“** во Делчево

Во текот на 2020 година на овие локалитети ќе се работи на следните активности:

- Доградба на улично осветлување
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Реконструкција на дел од водоводната мрежа
- Уредување и одржување на паркови и зеленила
- Реконструкција на Улица Орце Николов и Улица Скопска

- Прочистување на река Габровчица.
- Изработка на техничка документација за издвојување на фекалната од атмосферската канализација во Ново Делчев и изградба на истата;
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево возводно од регулираното корито во должина од 500 м;
- 

в)Локалитет **„Шумски расадник“** во Делчево
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Експропријација изградба на дел ул.„Орце Николов“ со краци во локалитет Шумски Расадник
- Издвојување на фекалната од атмосферската канализација;
- Изградба на дел од улица Орце Николов со краци;
- Изработка на техничка документација за издвојување на фекалната од атмосферската канализација во Шумски Расадник и изградба на истата;

г)Населба **“Станбена зона“** до Спортско Рекреативен Центар
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улица 7 и тротоар
- Пробивање и изградба на ул.5 и ул.6
- Дорадба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализациона мрежа
- Издвојување на фекалната од атмосферската канализација;
- Изработка на техничка документација за издвојување на фекалната од атмосферската канализација во СРЦ и изградба на истата;

д)Населба **„Звегорска река“**
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Довршување на канализација покрај рег.пат Делчево-Берово
- Изградба на улици во населба Звегорска река

ѓ)Населба **„Стар Монопол“** и **„Стрелиште“**
Во текот на 2020 година на овие локалитети ќе се работи на следните активности:

- Доградба на канализациона мрежа
- Доградба на осветлување
- Изградба на улици

е)Населба **„Стара Партизанка“** и **„Пекара“** -Делчево
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна линија
- Доградба на фекална канализација
- Пробивање и тампонирање на улица Крушевска

ж)Спортско рекреативен центар **Голак**
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изработка на студии и проектна документација за водоснабдување,

- Изградба на водоводна мрежа;
- Изградба на фекална канализација;
- Изградба на СКИ ЦЕНТАР со пропатни објекти.

з)Населба **„Старо Делчево“** (I, II и III-ти реон) во Делчево
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Довршување на улица Плачковица на м.в.Чуката со краци
- Изградба на пристапни патеки
- Изградба на улица Разловечка лево од ул.Голачка
- Изградба на канализациони линии
- Поставување на огради и ракофати на скали и други места каде има потреба
- Канализирање на Пустевски ендек;
- Реконструкција на дел од улица Маршал Тито од касарна со влез во нас.Стрелиште;
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др
- Реконструкција на дел од улица Острец со изградба на потпорен ѕид;
- Канал за одведување на атмосферска вода од ул.Илинденска во пустевски андак.
- Изградба на пешачка патека на ул.Илинденска.
- Изработка на техничка документација за реконструкција и реконструкција на улиците: Јане Сандански, Солунска, Голачка и Иво Лола Рибар;
- Реконструкција (изградба) на дел од главен доводен цевковод и резервоар за вода за пиење за град Делчево на локација м.в.Чуката во Делчево;

ѕ)Населба **„Стар расадник“**
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Пробивање и тампонирање на улици и краци
- Изградба и доградба на фекална канализација
- Изградба на инфраструктура на улица Грозданец
- Продлжување на улица В.С.Бато
- Изградба на делници од ул.Грозданец
- Осветлување на темните места во Стар расадник и улица Маршал Тито до градските гробишта;
- Изградба на мртовечница-капела со пропратни објекти;
- Обезбедување на техничка документација и реконструкција на дел од ул.Христијан Тодоровски Карпош со изградба на потпорен ѕид;
- Изработка на проектна документација за изградба на детска градинка;
- Реконструкција на плочест пропуст на улица Маршал Тито;

и)Населба **„Басарица“** во Делчево
Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Пробивање, тампонирање и асфалтирање на улици
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација

- Изградба на дел од атмосферска канализација со колектор кон река Брегалница

ј)Населба **„Пролет“** во Делчево

Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Експропријација на дел од улици
- Пробивање на дел од улици
- Изградба на дел од водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Тампонирање и асфалтирање на улици
- Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
- Изградба на фекална и атмосферска канализација за дел од населба Пролет;
- Дислокација на главен цевковод Ф200 низ нас.Пролет;

к)**„Индустиска и сервисна зона“** и **„Сервисна зона“** во Делчево

Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на дел од улична мрежа
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Изградба на улици 2 и 4.

л)Населба **„Грамадна“**

Во текот на 2020 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна мрежа
- Изградба на приклучоци за влез во парцела
- Доградба на канализациона мрежа
- Изградба на дел од атмосферска канализација

љ) **Локалитети вон градежен реон и селски населби**

Активности кои се планираат за 2020 година во овие населби се во останати активности:

- Изградба на филтер станица за вода за пиење за град Делчево во непосредна близина на с.Трaботивиште;
- Изградба на фотоволтаична централа во непосредсна близина на с.Трaботивиште;
- Реконструкција (изградба) на дел од главен доводен цевковод и резервоар за вода за пиење за град Делчево на локација во с.Трaботивиште;
- Довршување на канализација во с.Ѕвегор;
- Доизградба на улично осветлување во с.Ѕвегор;
- Реконструкција на водоводната мрежа со изградба на резервоар за вода за пиење во с.Ѕвегор;
- Довршување на реконструкцијата на спомен дом Разловечко востание во с.Разловци;
- Изградба на улица во село Разловци;

- Изградба на дел од фекална канализација во с.Стамер;
- Изработка на техничка документација за улица во с.Стамер;
- Изградба на улици во с.Стамер;
- Реконструкција на селските водоводи во с.Бигла;
- Продолжување на колекторот за фекална канализација во с.Град;
- Изградба на улица со краци во с.Град;
- Доградба на мрежа за улично осветлување во с.Бигла;
- Довршување на канализацијата во с.Габрово;
- Доградба на мрежата за улично осветлување во с.Габрово;
- Реконструкција на водоводната мрежа до с.Габрово;
- Реконструкција на селскиот водовод во с.Ветрен;
- Реконструкција на водоводна мрежа во с.Вирче;
- Изработка на техничка документација за изградба на улица во с.Вирче;
- Изградба на улица во с.Вирче;
- Реконструкција на дел од водоводна линија во с.Стар Истевник;
- Довршување на фекална канализација во с.Полето;

м) **Централно градско подрачје и урбана единица „2“- дел од блок 2.2**

- Изработка на проектна документација за водовод и канализација;
- Изградба на мрежа за улично осветлување
- Изградба на Зелен пазар;
- Изградба на водовод и канализација
- Изградба на дел од атмосферска канализација
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево низводно од регулираното корито во должина од 500.32 м;
- Изградба на пристапи на пешачки мост на река Брегалница.

## 4.Извори на финансирање

Очекуван прилив на средства за уредување на градежно земјиште
(комуналии) во текот на 2020 година

### 4.1 Населба Милково Брдо

- инд.станбени згради 1 x 210.000,00 = 210.000,00 ден
- доградби на инд.стан згр. 3 x 7.000,00 = 21.000,00 ден
- деловни објекти

### 4.2 Населба „Станбена зона“

- изградба на инд.станбени згр. 1 x 180.000,00 ден = 180.000,00 ден

### 4.3 Населба Ново Делчево

- доградба 1 x 240.000,00 ден = 240.000,00 ден

4.4 Населба Старо Делчево

-  инд.станбени згради 1 x 180.000,00 ден = 180.000,00 ден

2 x 80.000,00 ден = 160.000,00 ден

4.5 Населба Басарица

-  инд. станбени згради 1 x 180.000,00 ден = 180.000,00 ден

4.6 Индустриска и Сервисна зона

-  Инд. и сервисни објекти 1 x 120.000,00 ден =120.000,00 ден

-  4.7 Населба „Стрелиште“
-  изградба на инд.стан.згр. 1 x 180.000,00 ден = 180.000,00 ден
-  4.8 Населба „Пролет“
-  изградба на инд.стан. згр. 3 x 300.000,00 ден = 900.000,00 ден

4.9 Централно градско подрачје

-  деловни објекти 3 x 600.000 ден = 1.800.000,00 ден

4.10 Овозможување на правен статус

на бесправно изградени објекти 1.800.000,00 ден

**Вкупно: 5.971.000,00 ден**

Очекувани се и средства кои ќе бидат доделени по поднесени барања (по Огласи, Програми, Конкурси, Повици и др.) од страна на Владата на Република Северна Македонија и други донатори.

**5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба**

а)Населба **„Милково Брдо“**

| | |
|---|---|
| геодетски работи | 15.00 |
| урбанистички планови и проекти | 100.00 |
| пробивање на улици | 290.00 |
| водовод | 290.00 |
| канализација | 240.00 |
| улично осветлување | 460.00 |

Вкупно: 1.395,00 ден/м2

б)Населба **„Ново Делчево"**

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 230.00
- водовод 240.00
- канализација 220.00
- улично осветлување 550.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

в)Неселба **„Шумски расадник"** во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 230.00
- водовод 310.00
- канализација 290.00
- улично осветлување 650.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

г)Населба **„Станбена зона"** во Спортско рекреативен центар

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 230.00
- водовод 230.00
- канализација 290.00
- улично осветлување 650.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

д)Населба **„Ѕвегорска река"** во Делчево

- геодетски работи 32.00
- урбанистички планови и проекти 64.00
- проектирање (улици, водовод, канализација и електрика) 100.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 180.00
- канализација 362.00
- улично осветлување 420.00

Вкупно: 1.408,00 ден/м2

ѓ) Населба **„Стар Монопол"** и **„Стрелиште"** во Делчево

- геодетски работи 15.00

- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 300.00
- водовод 240.00
- канализација 270.00
- улично осветлување 460.00

Вкупно: 1.340,00 ден/м2

е)Населба „**Стара Партизанка**“ и „**Пекара**“ во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 100.00
- пробивање на улици 290.00
- водовод 290.00
- канализација 240.00
- улично осветлување 615.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

ж)Населба „**Старо Делчево“** во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- реконструкција на улици 360.00
- водовод 240.00
- канализација 210.00
- улично осветлување 460.00

Вкупно: 1.340,00 ден/м2

з)Населба „**Стар Расадник**“ и „**Д-2**“ во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 45.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 220.00
- канализација 230.00
- улично осветлување 510.00

Вкупно: 1.270,00 ден/м2

ѕ)Населба **„Басарица“** во Делчево

- геодетски работи 32.00
- урбанистички планови и проекти 64.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 200.00
- канализација 340.00
- улично осветлување 522.00

Вкупно: 1.408,00 ден/м2

и)Населба „**Пролет**“ во Делчево

- геодетски работи 35.00
- урбанистички планови и проекти 65.00
- пробивање на улици 200.00
- водовод 450.00
- канализација 400.00
- улично осветлување 750.00

Вкупно: 1.890,00 ден/м2

ј)Населба **„Индустриска и сервисна зона“** , **„Сервисна зона“, „Грамадна“**, локалитет вон градежен реон и селски населби и сите зони со намена **Г1, Г2, Г3 и Г4**

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 40.00
- пробивање на улици 255.00
- водовод 180.00
- канализација 210.00
- улично осветлување 500.00

Вкупно: 1.200,00 ден/м2

к)Централно градско подрачје и урбана единица „2„- дел од блок 2.2

- геодетски работи 40.00
- урбанистички планови и проекти 60.00
- пробивање на улици 300.00
- водовод 450.00
- канализација 400.00
- улично осветлување 800.00

Вкупно: 2.050,00 ден/м2

л)Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни објекти и простории по населби

- Населба „Милково Брдо“ во Делчево.................................1.674,00 ден/м2
- Населба „Ново Делчево“ во Делчево.................................1.860,00 ден/м2
- Локалитет „Шумски расадник“ во Делчево..........................1.860,00 ден/м2
- Локалитет „Станбена зона“ до СРЦ во Делчево.................1.860,00 дем/м2
- Населба „Звегорска река“ во Делчево................................1.690,00 ден/м2
- Локалитет „Стрелиште“ и „Стар монопол“...........................1.608,00 ден/м2
- Локалитет „Стара партизанка“ и „Пекара“...........................1.860,00 ден/м2
- Населба „Старо Делчево“ во Делчево................................1.608,00 ден/м2

- Деловни објекти и простории на ул.„М. Тито“

до почеток на локалитетот „Стрелиште“ во Делчево..........1.860,00 ден/м2

- Населба „Стар расадник“ во Делчево...................................1.524,00 ден/м2
- Населба „Басарица“ во Делчево............................................1.690,00 ден/м2
- Населба „Пролет“ во Делчево..............................................2.190,00 ден/м2
- Населба „Грамадна“ ............................................................1.690,00 ден/м2
- Деловни објекти и простории

вон градежен реон и во селските населби.............................260,00 ден/м2

- Централно градско подрачје (ММ Брицо) и
- урбана единица „2“- дел од блок 2.2....................................2.250,00 ден/м2
- Во сите зони со намена Г компатибилна

  намена на делот со намена Б .............................................1.860,00 ден/м2

- Сервисна зона со намена Б ..............................................1.860,00 ден/м2

м)Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за сите објекти во локалитетот „Голак“ ќе се утврди и пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево сукцесивно распределени по м2 корисна станбена површина. Пресметка за надомест ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост. Доколку Општината изгради комунална инфраструктура Инвеститорот ќе може да ја користи со Анекс на Договорот.

н)На локалитети и селски населби надвор од опфат висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се наплаќа за делот од комуналната инфраструктура согласно најниската зона односно зоната Стар расадник и Д-2 согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град Делчево за 2020 година.

6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)

6.1.Надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба до 20% од постојниот габарит на објектот изнесува 50% од цената во зависност од населбата и зоната каде се наоѓа објектот.

6.2.Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотен лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

6.3 Во случаите од точка 6.2 површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со

иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

6.4.Трошоците за уредување на градежно земјиште се пресметуваат врз основа на корисната површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација, помножени со следните коефициенти

6.4.1 Станбени објекти

- станбени простории 1,00
- станбени простории со висина до 2,50 м1, подпокривен простор 0,20
- лоѓија затворена од три страни 0,40
- подлогија затворена од две страни 0,30
- балкони, тераси 0,20
- заеднички проодни тераси, пасажи 0,20
- помошни простории, остави за гориво, котлара, визба 0,30
- трафостаница од 35 КВ во објект и надвор од објект 0,30
- скалишен простор и заеднички комуникации 0,30
- стражарници, управител, простории за домар 0,50
- Паркиралишта и гаражи 0,10

6.4.2.Деловни објекти, јавни и производствени објекти

- простории 1,00
- магацини 0,50
- Помошни простории, остави за гориво, котлара 0,30
- Трафостаница до 35 КВ во објект и надвор од објект 0,40
- Скалишен простор и заеднички комуникации 0,50
- Паркиралишта и гаражи 0,10
- Логија затворена од три страни 0,50
- Подлогија затворена од две страни 0,40
- балкони, тераси 0,30
- отворен наткриен простор 0,30

6.4.3.За други објекти

- Катни гаражи 0,05
- Спортски покриени објекти 0,50
- Спортски откриени објекти 0,30
- Гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата 1,0
- Отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата 1,0
- Базени 0,20
- Трафостаници над 35 КВ 1,0

6.4.4.За објектите од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:

- Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05

- Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,05
- Г3 сервиси 0,05
- Г4 стоваришта 0,05

6.4.5.За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетирии и ресторани, авто салони, помошни простории):

- продажни простории на бензински пумпни станици 1,0
- услужни простории на бензиски пумпни станици 1,0

6.4.6.За објектите од група на класи на намена Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намена А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории 0,05

6.4.7.За агроберзи, откупни дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

6.4.8.Во корисна површина не се пресметува површината на ѕидовите и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, окна за врати и отворени паркиралишта, подземни резервоари и објекти заштитени како културно наследство.

6.4.9.За објекти за високо образование

- сите простории 0,5

6.4.10.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица

- сите простории 0,05

6.4.11. За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво над 35 кв како и брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа,и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината односно советот на град Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

6.4.12.За објекти за култура:

- сите простории 0,01

6.4.13.За објекти за терцијална здравствена заштита:

- сите простории 0,05

Коефициентите се земени од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошиците за уредување во зависност од степенот на

уреденост (Сл.весник број 93/2011, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15).

**До колку дојде до измена на Правилникот во коефициентите за пресметување, пресметувањето ќе се врши со применување на новите коефициенти.**

6.6.Плаќањето на комуналиите инвеститорот го плаќа врз основа на заверен основен проект во текот на постапката до поднесување на барање за издавање на Одобрение за градење. Без платен надомест органот не може да издаде Одобрение за градење.

6.7.Плаќањето на приклучок за водовод, канализација, електрична мрежа, такси и сл. паѓа на товар на корисникот на локацијата.

6.8.Трошоците за пристап до дворно место, потпорни ѕидови и слично паѓаат на товар на корисникот на локацијата.

6.9.Трошоците за куќните приклучоци за водовод и канализација од главната градска мрежа до најблискиот дел на објектот на растојани до 30 м1 паѓаат на терет на корисникот на локацијата.

6.10.Трошоците за прекопување на улици за приклучок на градската водоводна и канализациона мрежа и доведување на прекопот во првобитната состојба паѓа на терет на корисникот на локацијата.

6.11.Трошоците за дислокација на водовод, канализација, електрична и ПТТ мрежа за изградба на објекти: доградби, надградби и нови локации во дворни места, паѓаат на товар на корисникот на локацијата.

6.12.Уплатата на средствата ќе се врши на жиро сметка на трезорска сметка на Општина Делчево и Договори за уредување на градежно земјиште со корисниците ќе склучува Општина Делчево.

### 7.Динамика за извршување на Програмата

Изградата на објекти по оваа Програма ќе биде во согласност од обемот на одобрени и приберени средства. Во текот на годината можат да се градат и други инфраструктурни објекти во колку се одобрат и преведат средства за изградба на истите.

Програмата треба да претставува ориентација за одвивање на дејноста на уредувањето на градежното земјиште а износите на средставта треба да се земат како ориентациони бидејќи приливот на истите зависи од повеќе фактори.

Приоритет ќе имаат сите започнати објекти а незавршени во претходната година, како и уредување на градежното земјиште во населби каде наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште е поголем.

### 8.Останати активности во Општината

- Изработка на проектна документација за: улици, патишта, водоводи, канализации и др.
- Уредување на паркови и други зелени површини;
- Изработка на проекти за дислокација и доградба на колектор за отпадни води за град Делчево;
- Реконструкција на објекти во сопственост на Општина Делчево;
- Заштита, уредување и чистење на речни корита во општина Делчево;

- Поставување и обновување на пропусти на патишта;
- Изработка на Програма и поставување на урбана опрема во општина Делчево;
- Изградба, реконструкција, доградба и санација на нова или веќе постоечка инфраструктура на сите места каде погоре не е споменато а се наложи потреба во тековната година.

**Доколку се одбрат средства за изградба на објекти по оваа Програма за кои се бара учество од општината, Општината може да учествува со сопствено учество.**

Оваа Програма е изготвена како резултат на предвидувањата и можностите за прилив на средтсва кои можат да се приберат по основ уредување на градежно земјиште за 2020 год, од одобрени средства од Влада на Република Северна Македонија (по огласи, конкурси, повици и др) за 2020 година како и од домашни и странски донатори.

Извршител на сите активности по оваа Програма ќе биде Одделението за урбанизам, заштита на животната средна, комунални дејности, сообраќај и локален економски развој при Општина Делчево.

Број-356/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
10.02.2020 година Претседател,
Делчево Драган Маневски,с.р.

2.

Врз основа на член 60 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011, 53/2011, 44/2012, 168/2012, 163/13, 39/14, 187/13, 42/14, 166/14 и 44/15), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник бр.5/2002) како и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 10.02.2020 ја донесе следната

П Р О Г Р А М А

**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2020 година**

Со оваа Програма се предвидуваат следните активности:

А) Изградба и реконструкција на општински патишта

Б) Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари

В) Редовно одржување на општински патишта и улици, зимско и интервентно одржување

**А) Изградба на општински патишта**

Со оваа програма се предвидува изградба на следниве патни правци:

1. Изградба на дел од општински пат Л-1 Делчево – Тработивиште (стар пат);
2. Довршување на дел од општински пат Л-13 Габрово-Звегор – Стамер – Град – Вирче – Стар истевник;
3. Изградба на дел од локален пат Л-7 Делчево- Косово дабје- Бигла- Турија (стар пат м-27);
4. Изградба на дел од општински пат Л-18 (отклон од пат 523 - Пасјак - Балабанци) делница Пасјак – Балабанци;
5. Довршување на делница од локален пат кон Димовска маала;

6. Тампонирање на делница L= 1км од локален пат Л-2 делница Вратиславци (Балтачко маало) до врска со локален пат Луковица – Костиндол.

Б) Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари:

- Реконструкција на улица Вера Јоциќ;
- Реконструкција на дел од улица Маршал Тито од касарната до влезот на населба Стрелиште;
- Изградба на улица 7 со тротоар во населба Спортко рекреативен центар;
- Пробивање, тампонирање и изградба на улици во нас.Басарица;
- Реконструкција на улица Македонска;
- Реконструкција на улица Ванчо Прке;
- Реконструкција на дел од улица Острец со изградба на потпорен ѕид;
- Изградба на улици во населба Звегорска Река;
- Реконструкција на улица Орце Николов;
- Реконструкција на улица Скопска;
- Изградба на улица со краци во село Звегор;
- Пробивање и тампонирање на ул.Крушевска;
- Изградба на улица во с.Разловци;
- Изградба на улица во село Габрово;
- Изградба на ул.Грозданец во нас.Стар Расадник (две делници);
- Пробивање на пешачка патека на ул.Острец;
- Изградба на ул.5 и ул.6 во нас.Спортко рекреативен центар;
- Довршување на улица Плачковица со краци на м.в Чуката;
- Изградба на улица Разловечка- лев крак;
- Експропријација и изградба на улица Орце Николов со краци во локалитет Шумски расадник;
- Пробивање, тампонирање и изградба на улици во населба Пролет;
- Довршување на велосипедска патка "Илин камен„;
- Изградба на улица во с.Вирче:
- Изградба на улица 2 и улица 4 во локалитет Сервисна зона;
- Изградба на улица со краци во село Град.
- Изградба на пристапи на пешачки мост на река Брегалница;
- Изградба на пристапна улица зад Основен суд;
- Изградба на дел од станбена ул.4 во Централно градско подрачје;
- Изградба на станбена ул.3 во Централно градско подрачје;
- Иградба на дел од улица Видое Смилевски Бато;
- Изградба на дел од улица Голачка;
- Реконструкција на две улици во с.Тработивиште;
- Опесочување на патот кон црква св.Петка во с.Селник;
- Поврзување на 1ви и 2ри реон со пешачка улица;
- Изградба на пристапна улица од улица Кеј на Брегалница;
- Реконструкција на дел од улица Иво Лола Рибар, ул. Голачка, ул. Солунска, ул.Јане Сандански и ул.Велко Влаховиќ;
- Пробивање и изградба на дел од улица Петрашевска;

- Изградба на улици во нас.Стар монопол и Стрелиште;
- Реконструкција на дел од улица Христијан Тодоровски Крпош со изградба на потпоред ѕид;
- Изградба на улици во с.Стамер;
- Пешачка патека од улица Илинденска;
- Реконструкција на улица Малешевска и дел од улица Царевоселска;
- Изградба на крак од ул.Орце Николов во Ново Делчево.

- Изработка на проекти:

- Изработка на проекти за улици, патишта, јавни паркиралишта и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација;
- Изработка на сообраќајни проекти за улици во општина Делчево.

В) Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици

1. Зимско и интервентно одржување на улиците и патиштата согласно Планот за зимско и интервентно одржување за 2019 година во должина од 84.0 км;
2. Редовно одржување на улици и патишта во должина од 143.0 км;
3. Хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и општинските патишта во општина Делчево;
4. Одржување на семафори;
5. Ископ на патни канавки на општински патишта во должина од 15 км;
6. Поставување на пристапни рампи за олеснување на движењето на пешаци, ракофати и огради.
7. Поставување и обновување на пропусти на патишта;

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

- ПРИХОДИ
  1. Буџет на Општина Делчево;
  2. Јавно претпријатие за државни патишта;
  3. Министерство за локлана самоуправа преку Бирото за регионален развој;
  4. Влада на Република Македонија (преку Министерствата и други извори);
  5. Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој;
  6. Проекти за меѓугранична соработка;
  7. други приходи.

Обемот на извршувањето на Програмата ќе зависи директно од приливот на планираните средства.

Програмата ќе ја извршува Општина Делчево преку Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и локален економски развој.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски,с.р.

Број 09-357/1

10.02.2020 година

Делчево

3.

Врз основа на член 5 од Законот за даноци на имот (“Службен Весник на РМ “бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 1 92/2015 и 23/2016) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен Весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013),Советот на Општина Делчево, на својата 35. редовна седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А

**За утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево.

Член 2

На подрачјето на град Делчево се утврдуваат следните зони

**I.Прва зона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) улица “Индустриска“- спој на улица“Идустриска“ со улица “Булевар Македонија“-спој на “Булевар Македонија“ со улица “Македонска“ – улица“Македонска“- спој на улица“ Македонска“ со улица “Вера Јоциќ, спој на улица“ Вера Јоциќ“ со улица “Ѓорче Петров“ - улица “Ѓорче Петров“ -спој на улица “Ѓорче Петров“ со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-спој на река Габровчица со улица“Булевар Македонија“-улица “Булевар Македонија“-спој на улица“Булевар Македонија “со улица “Трст“- улица“Трст“-спој на улица “ Трст “со улица “Кеј на ослободубање“ -река Брегалница-завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војниички ендек-спој со Војниички ендек со улица“Маршал Тито“ -улица. “Маршал Тито“ - спој на улица “Маршал Тито „со ул. „Солунска„-ул „Солунска„-спој на улица„Солунска „со улица. „ Маршал Тито“- улица “Маршал Тито“- спој на улица “Маршал Тито“ со Пустевски ендек - Пустевски ендек- Река Брегалница-улица “Индустриска“.

**Прва зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) река „Брегалница –спој на река Брегалница-Пустевски ендек-спој на Пустевски ендек со улица.„Маршал Тито“-улица,„Маршал Тито“ -спој на улица ,Маршал Тито “ со улица.„Индустриска“-улица.“Индустриска“ -спој на улица.“Идустриска“ со “Булевар Македонија“-спој на “Булевар Македонија“со улица “Македонска“ – улица “Македонска“- спој на крак од улица“Брака Миладиновци“ со улица“Македонска“ -крак од улица „Брака Миладиновци“- улица “Брака Миладиновци“- спој на улица “Брака Миладиновци “со Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево- Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево-

спој на Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево со Киселички пат-Киселички пат-по граница на ГУП

2) улица " Ѓорче Петров"-спој на улица"Ѓорче Петров" со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-спој на река Габровчица со улица "Булевар Македонија" – улица"Булевар Македонија"-спој на улица" Булевар Македонија " со улица" Трст"- улица "Трст"-спој на улица "Трст "со улица "Кеј на ослободубање" -река Брегалница-завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војнички ендек-спој на со Војнички ендек со улица. "Маршал Тито"- улица"Маршал Тито"-спој на урбаниот блок лесна индустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево-Река "Брегалница"-улица "Орце Николов" до ПСШ "Голак"-Делчево-улица"Булевар Македонија" -спој на улица"Булевар Македонија" со улица "Скопска"- улица"Скопска"-спој на улица "Скопска" со улица"М.М.Брицо"- улица"М.М.Брицо"-спој на улица"М.М.Брицо" со улица" Ѓорче Петров".

**II.Втора зона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1)Спој на улица"Маршал Тито" со улица"Индустриска" – улица"Маршал Тито"- спој на улица"Маршал Тито" со улца"Солунска"-улица "Солунска"-спој на улица" Солунска"со улица" Маршал Тито" –улица"Маршал Тито"-улица спој на урбаниот блок лесна иднустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево-река Брегалница- Таушански ендек - граница на ГУП-Спој на граница на Гуп со крак на улица"Иво Лола Рибар"-спој на улица " Иво Лола Рибар" со улица"Мирче Ацев"-улица "Миче Ацев" -спој на улица"Мирче Ацев" со улица"Ванчо Прке" –улица "Ванчо Прке"-спој на улица "Ванчо Прке" со улица "Брегалничка" -спој на улица "Брегалничка" со улица. "Илинденска"-улица. "Илинденска"-спој на улица"Илинденска "со улица "Острец"-улица"Острец"-спој на улица"Острец" со улица"Маршал Тито".

2) Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево -спој на новопредвидена улица со улица"Брака Миладиновци"-крак од улица"Брака Миладиновци"-спој на крак од ул „Брака Миладиновци „со ул„ Македонска„ - ул„ Македонска„ - спој на ул "Македонска" со улица".Вера Јоциќ"-улица"Вера Јоциќ"-спој на улица "Вера Јоциќ" со улица " Ѓорче Петров"-спој на улица "Ѓорче Петров" со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-граница на ГУП.

2) Населба Пролет

3) улица"Орце Николов" до ПСШ "Голак"-Делчево-Булевар Македонија -спој на Булевар Македонија со улица"Скопска"- улица "Скопска"-спој на улица"Скопска" со улица"М.М.Брицо"-граница на ГУП.

**Втора зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1)Спој на улица"Браќа Миладиновци" со улица"Велко Влаховиќ"- улица"Велко Влаховиќ"-спој на улица "Велко Влаховиќ" со улица"Правомајска"-улица "Правомајска"-спој на улица "Правомајска" со улица "Ѓорче Петров"-улица"Ѓорче Петров" до граница на ГУП.

2) граница на ГУП-улица „Видие Смилевски Бато„ -спој на улица„.Видие Смилевски Бато„ со улица „Христијан Тодоровски Карпош„-улца „ Христијан Тодоровски Карпош-„спој на улица „Христијан Тодоровски Карпош„ со крак од улица„.Борис Кидрич„-спој на крак од улица. „Борис Кидрич „со ендек Грозданец- ендек Грозданец-спој на ендек Грозданец со улица „Маршал

Тито„- улица „Маршал Тито„-спој на улица „Маршал Тито„со пат за Голак-пат за Голак-граница на ГУП

**III.Трета зона** ги опфаќа локалитетите:

-Населба „Басарица"

-Туристички локалитет „Голак"

**Трета зона прва подзона** го опфаќа локалитетот:

-Населба „Звегорска Река"

**Трета зона втора подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) Населба „Стрелиште"

2) Линија 1) Спој на граница на ГУП со крак на улица"Иво Лола Рибар"-спој на улица" Иво Лола Рибар" со улица"Мирче Ацев"-улица"Миче Ацев" -спој на улица "Мирче Ацев" со улица "Ванчо Прке" –улица"Ванчо Прке"-спој на улица"Ванчо Прке" со улица"Брегалничка" -спој на улица"Брегалничка" со улица "Илинденска"-улица "Илинденска"-спој на улица"Илинденска "со улица "Острец"-улица"Острец"-спој на улица "Острец" со улица"Маршал Тито".

Линија 2) Спој на граница на ГУП со улица "Видиео Смилевски Бато" -спој на ул"Видиео Смилевски Бато" со улица"Христијан Тодоровски Карпош"-улица" Христијан Тодоровски Карпош"спој на улица"Христијан Тодоровски Карпош" со крак од улица"Борис Кидрич"-спој на крак од улица"Борис Кидрич"со ендек Грозданец- ендек Грозданец-спој на ендек Грозданец со улица "Маршал Тито".

Член 3

Согласно член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според податоци од предходната година За **прва зона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона, За **прва зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона прва подзона, за **втора зона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона, за **втора зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона прва подзона, за **трета зона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона, за **трета зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона прва подзона и за **трета зона втора подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона втора подзона.

Член 4

Согласно член 22 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) за макролокација во елементите за проценка се утврдени за с.**Очипала 15** бодови(евра) за **с.Полето13** бодови(евра) за **с.Чифлик 10** бодови(евра) за **с.Работивиште 8** бодови(евра) за с.**Разловци 7** бодови(евра) и с.**Илиово 3** бодови(евра) а согласно член 21 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) и согласно Одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија во

периодот од 2014 до 2018 година бр.42-1515/1 од 10.02.2014 година донесена од Владата на РМ за останатите населени места не се пресметува макролокација.

Член 5

Согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во **прва зона се утврдува 20 евра/м2 , за прва зона прва подзона ,втора зона и втора зона прва подзона се утврдува 15 евра/м2 ,а за трета зона,трета зона прва подзона и трета зона втора подзона се утврдува 10 евра/м2** според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

За пазарна вредност на градежно земјиште во Туристички локалитет **Голак се утврдува 15** евра по метар квадратен според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 6

Согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во населените места во Општина Делчево се утврдува за **с.Габрово и с.Звегор 300** денари за м2 , за **с.Тработивише 180** денари за м2, за **с.Вирче ,с.Град и с.Стамер 150** денари за м2 ,за **с.Разловци и с.Очипала 100** денари за м2 , и за **сите останати по 45** денари за м2.Овие цени се применуваат за **дворно место и место кое може да биде идно дворно место или место за градба во село најмногу до 500 м2 а останатото земјиште во село се проценува како земјоделско земјиште.**

Член 7

Доколку градежното земјиште се наога во подрачје каде нема донесено Детален урбанистички план а се наоѓа во Генерален урнабнистички план на град Делчево вредноста се намалува од 40% до 70% во зависност од близината на деталниот урбанистички план ,близината на населеното место , поврзаност со инфраструктура и големината на површината.

Член 8

Согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта во Општина Делчево се утврдува:

| Р.Б | Вид на земјиште | Класа на земјиштето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1. | Нива | 40,00 | 35,00 | 33,00 | 28,00 | 25,00 | 20,00 | 15,00 | 10,00 |
| 2. | Ливада | 35,00 | 28,00 | 22,00 | 18,00 | 14,00 | 11,00 | 9,00 | 7,00 |
| 3. | Овошна градина | 45,00 | 40,00 | 35,00 | 30,00 | 25,00 | 20,00 | 18,00 | 15,00 |
| 4. | Пасиште | 15,00 | 12,00 | 10,00 | 8,00 | 6,00 | 5,00 | 4,00 | 3,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Шума | 35,00 | 30,00 | 25,00 | 20,00 | 18,00 | 15,00 | 12,00 | 9,00 |

Член 9

Отстапување на одредени цени на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата може да се врши од страна на Проценувачите во следниве случаи:

а) Зголемување , но не повеке од 50% во зависност од

- близина на населено место

- поврзаност со инфраструктура

б) Намалување , но не повеке од 50% во зависност од :

- оддалеченост од населено место

- непристапност на пат

- големина на површина

- за шумите и овошните насади од состојбите на истите

Член 10

Составен дел на оваа Одлука е мапа на град Делчево со определени зони.

Член 11

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-358/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.02.2020 год.** **Претседател**

**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

**4.**Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на

Општина Делчево“), Советот на Општина Делчево, на својата 35.редовна седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за промоција

и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-359/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02. 2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и Советот на Општина Делчево, на својата 35.редовна седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Годишниот Извештај за реализираните активности за 2019 година на Општинскиот совет за безбедностана сообраќајот на патиштата

1. Се усвојува Годишниот Извештај за реализираните активности на Општинскиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата за 2019 година .
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-360/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02.2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

6.

ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА
ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО

# ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

Делчево, јануари 2020 година

Согласно член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата како и согласно член 3 од Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, на својата четврта седница одржана на 15.01.2020 година донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2020 година е изработена врз основа на законските надлежности на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и истата е во функција на реализација на нејзините цели, визија и мисија.

Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување на сообраќајно воспитни акции и манифестации, активности за унапредување на безбедноста на патиштата во општина Делчево, активности за сообраќајно техничко уредување во сообраќајот, активности за заштита на ранливите категории на учесници во сообраќајот, превентивно – промотивни активности во безбедноста во сообраќајот,активности за научно-истражувачки работи од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата и други активности поврзани со безбедноста на сообраќајот во општина Делчево.

| Бр. | Активности | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати | Очекувани Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање и одржување на седниците на Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата Делчево како и одржување на состаноци на работните групи кои се во состав на Советот | Реализација на програмските активности на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата како и на работните групи предвидени за тековната 2020 година | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, други засегнати страни | Во текот на 2020 година, во зависност од потребите за реализација на активностите предвидени со годишната програма | Подигнување на свеста и поголеми знаења за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на акциски план за превземање на активности за реализација на мерки за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во општина Делчево | Дефинирање на мерки, одредување на надлежни органи за извршување на активноста, индикатори за оцена на ефикасноста на мерката и проектиран буџет за реализација на мерката | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево | Тековно во 2020 година | Долгорочно и трајно подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | / |
| 3. | Кампања на тема: „Опасни места во сообраќајот во општина Делчево“ | Утврдување на критериуми за нивна идентификација и класификација на опасните места<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали на утврдените места | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, Македонија пат, ЕЛС Делчево, ДЗС, ЦУК | Јануари-Октомври 2020 година | Споделување на искуства за подобрување на безбедноста во сообраќајот | 30 000 денари |
| 4. | Одбележување на светски ден на сеќавање на жртви од сообраќајни незгоди | Интензивни медиумски настапи со цел подигање на јавната свест за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Делчево | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и ЕЛС Делчево | Октомври-Ноември 2020 година | Унапредување на безбедноста во сообраќајот преку подигнување на јавната свест | / |
| 5. | Кампања на тема: „Безбедно користење на велосипедот како превозно средство | Дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери) за подигање на јавната свест | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, невладини организации, МВР, ЕЛС Делчево, Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево | Април – Октомври 2020 година | Зголемена свест за користење на велосипедот како превозно средство | 10 000 денари |
| 6. | Кампања на тема: „Безбедно управување со трактори и земјоделска | Зголемување на свеста кај корисниците на трактори и земјоделска механизација за безбедно учество во сообраќајот | Општински совет за безбедност на сообраќајот на | Април-Октомври 2020 година | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | механизација “ | | патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, и месни заедници | | | |
| 7. | Кампања на тема: „Брзината убива – вози одговорно“ | Зголемување на свеста на учесниците во сооб. за последиците од неодговорно учество во сообраќајот<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали на локации каде се случиле сообраќајни незгоди и на локации каде има реакции од страна на жителите за непочитување на брзината на движење | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР и ЕЛС Делчево | Тековно 2020 | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |
| 8. | Сообраќајно едукативни манифестации во рамки на училиштата од натпреварувачки карактер<br>„Детски семафор“ и „Сообраќајно техничка култура на младите“ | Организација на активности од натпреварувачки карактер со цел сообраќајна едукација на учениците | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, основни и средни училишта, МВР И ЕЛС Делчево | Март- Мај 2020 година | Стекнување на знаења од обласа на сообраќајот преку игра | 40 000 денари |
| 9. | Кампања на тема:<br>„Стоп за уравување на моторно возило под дејство на алкохол и психотопни супстанци“ | Намалување на појавата на управување на моторни возила под дејство на алкохол и психотропни супстанци<br><br>Дистрибуција на сообраќајни едукативни материјали | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево и МВР | Тековно 2020 година | Намален број на учесници во сообраќајот под дејство на алкохол и психотропни супстанци | 10 000 денари |
| 10. | Кампања на тема:<br>„Стоп за користење на паметен телефон додека си учесник во сообраќајот“ | Зголемување на свеста кај учесниците во сообраќајот за намалување на употребата на паметен телефон додека се учесници во сообраќај | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, ЕЛС Делчево | Тековно 2020 година | Намалување на употребата на паметен телефон кај сите учесници во сообраќајот | 10 000 денари |
| 11. | Кампања на тема: | Запознавање на најмладите ученици во | Општински совет | Почеток на | Стекнување на знаења | 15 000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ | сообраќајот – учениците со сообраќајните правила и прописи за нивно безбедно учество во сообраќајот | за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, МВР, детска градинка „Весели Цветови“, основни и средни училишта | учебна 2020/2021 година | од областа на сообраќајот | денари |
| 12. | Кампања на тема: „Безбедни возила во патниот сообраќај“ | Зголемување на свеста на учесниците во сооб. за последиците од учество во сообраќајот со технички неисправни возила | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР, ЕЛС Делчево и станици за технички преглед на возила | Тековно 2020 | Безбедно учество во сообраќајот | 10 000 денари |

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2020 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а согласно Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година.

**Број 09-361/1**
**10.02.2020 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски,с.р.**

7.

Врз основа на член 14 став 3, член 15 и 18 од Законот за установите („Сл.весник на РМ"бр.32/05),член 10 став 1 од Законот за музеите („Сл.весник на РМ" бр.66/04), а согласно Одлуката за продолжување со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево - Пијанец" бр.09-2550/1 од 26.12.2019 година ("Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15 од 30.12.2019 година), Советот на Општина Делчево, на својата 35.седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За промена на назив и сратен назив на**
**на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево - Пијанец"**

Член 1

Називот Локален историски,археолошки,етнолошки и природно-научен Музеј на град Делчево-Пијанец Делчево во ликвидација се менува и гласи: **Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево - Пијанец" Делчево.**

Член 2

Скратениот назив "Музеј на град Делчево - Пијанец" Делчево во ликвидација, се менува и гласи: **"Музеј на град Делчево - Пијанец" Делчево.**

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Делчево" и ќе биде основ за продолжување со редовна работа на Локалниот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен "Музеј на град Делчево- Пијанец", кој е запишан во Централниот регистар на Р.Македонија под ЕМБС6459080.

**Бр.09-362/1**
**10.02. 2020 година**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател,**
**Драган Маневски,с.р.**

8.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за средно образование (Консолидиран текст – „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011/; 51/2011; 6/2012; 100/2012 ,24/2013, , 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016 ), а во согласност со член 84 став 5 од Статутот на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 35. редовна седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за разрешување и именување претставник на основачот**

**во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево**

I. **Антонио Димитровски** се разрешува од функцијата претставник на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево.

II.**Николчо Узунски** се именува за претставник на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ за остатокот од мандатот, односно заклучно со 03.08.2021 година.

III.Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-363/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.02. 2020 год.** — **Претседател**

**Делчево** — **Драган Маневски,с.р.**

9.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Законот за социјална заштита („ Сл.весник на РМ„ бр.104/2019 и 146/2019) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) а согласно Националната програма за развој на социјалната заштита , Социјалниот план на Општина Делчево за 2020 година, бр.10-2189/3 од 22.11.2019 година и Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021 , а по доставено позитивно мислење од МТСП бр.10-630/1 од 17.01.2020 година, Советот на Општина Делчево на својата 35 редовна седница, одржана на 10.02.2020 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

## I. Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од обласа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика , приватниот сектор , невладините организации и секако со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион.

## II. СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО : СОЦИЈАЛНО ПАРТНЕРСТВО, СОГЛЕДУВАЊА, ПРИОРИТЕТИ И НАСОКИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Советот за социјална заштита на Општина Делчево , формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-1986/1 од 21.10.2019 година, донесе Социјален план на Општина Делчево за 2020 година ( во понатамошниот текст Социјален план) . Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

### Главни активности на Советот за социјална заштита:

Од увидот во реализирањето на Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021, како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општина Делчево, Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги утврди следните активности

за делување за 2020 година:

- Идентификација на сите ризични групи на ниво на општината
- Увид и располагање со релевантни податоци;
- Анализа на податоци и состојби, вршење на споредбени анализи;
- Идентификација на приоритетните интервенции(мерки и форми на социјална заштита.
- Идентификација на релевантни социјални сили(институциите, НВО, приватен сектор итн.);
- Следење, утврдување и анализа на постигнатите резултати и реализирани активности од имплементирањето на планот и програмата за социјалнба заштита на Општина Делчево ;
- Редовна комуникација, средби и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општината;
- Транспарентното работење и објавување на годишни извештаи од имплементирањето на планираните активности според планот за социјална заштита;
- Предлог на нови програми и форми на социјална заштита (давање на социјални услуги од страна на лиценцирани даватели на социјални услуги во општината);

За унапредување на социјалната заштита во Општина Делчево, потребно е воведување на социјални услуги кои се индивидуализирани и прилагодени на конкретните потреби на корисникот и семејството, што подразбира целосна, усогласена и благовремена проценка, со висок степен на учество на семејството и неговите членови, но и на други релевантни лица од животната средина на корисникот во проценката и планирањето на потребните интервенции.

На корисниците им е потребна отворена и достапна интервенција, заснована на соодветна проценка и јасен план во кој се земени во предвид потенцијалите на давателите на социјални услуги како и нивна активна вклученост во подготовката и реализацијата на интервенциите. На ваков начин се зголемува и професионалната одговорност на стручните работници за резултатите од работата.

Во таа насока, за унапредување на системот на социјална заштита како клучни и приоритетни области во кои треба да се воведат промени се:

- постоечката структура на системот на социјална заштита;
- организацијата на работата во установите за социјална заштита;
- капацитетите во установите за социјална заштита;
- соработка и поврзаност на системот за социјална заштита со другите релевантни системи (пазар на труд, образование, здравство);
- поадекватни социјални функции на општините преку воведување на нови форми на социјална заштита а тоа е давањето на социјални услуги;
- пристапите, формите, интервенциите и техниките за стручна работа во установите за социјална заштита;

- мерките, активностите и формите на социјалните услугите кои ги обезбедува државата (социјална превенција, права на парична помош од социјална заштита,институционална и вонинституционална заштита);
- јавно-приватното партнерство во креирање и имплементација на политики од областа на социјалната заштита;
- институциите за стручен и инспекциски надзор;
- континуирано професионално образование на стручните кадри во установите за социјална заштита;
- системот на едукација, лиценцирање и стандардизација како и нивна ангажираност во училиштата во општината како образовни асистенти;

Реформата на системот на социјална заштита се раководи од неколку основни принципи:

- владеење на правото
- отвореност и транспарентност
- одговорност и отчетност
- предвидливост и одржливост
- континуитет
- ефикасност, ефективност и економичност
- достапност и пристапност
- партиципација
- еднаков третман и недискриминација.

III.ЛОКАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА СО ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА:

1. Социјална заштита на стари лица
2. Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности
3. Социјална заштита на лица со посебни потреби
4. Социјална заштита на социјално- загрозени семејства
5. Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти
6. Воведување на социјални услуга-лични односно образовни асистенти
7. Општинско корисна работа и јавни работи



1.Социјална заштита на стари лица

Според податоците од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, во Општина Делчево вкупно 520 лица примаат додаток за помош и нега од друго лице. Значи овие лица не се во состојба да се грижат сами за себе. Од средбите кои редовно ги одржуваме со месните и урбаните заедници и Центарот за социјални работи, констатиравме дека на подрачјето на нашата општина живеат околу 170 стари изнемоштени лица кои живеат сами од разни причини: немаат блиски роднини, децата заминале да работат во друг град или во странство. На тие лица им е потребна елементарна грижа, внимание и некој барем еднаш дневно да ги посетува и да им ги набавува основните намирници и лековите. Друга причина што не наведе да го спроведеме овој проект е фактот што во нашата општина нема ниту еден колективен центар за сместување на стари лица ниту пак има дневен центар за згрижување на стари лица. Овие лица најчесто се неспособни за извршување на секојдневните животни потреби, изложени се на болести и изолирани се од социјалната средина. Затоа им е потребна домашна нега и грижа од други лица .

Со воведување на социјална услуга за нега и грижа за стари и изнемоштени лица , Општина Делчево во соработка со образовните, социјалните , здравствените институции и здруженијата на граѓани и други даватели на социјални услуги кои ќе се сертифицираат за таа услуга, ќе воведе социјална услуга за нега и грижа на стари изнемоштени лица. Овие активности се одвиваа и изминатите години со помал буџет и со одреден рок на реализација, но не во целосно организирана форма како што е проектот за социјални услуги од МТСП.

ЦЕЛНИ ГРУПИ /ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ И ПРОБЛЕМИ | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ |
|---|---|---|---|
| 1.СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | -Отфрленост од семејството<br>-Изложеност на болести<br>-Неспособност за извршување на секојдневмите животни потреби<br>-Изолираност од социјалната средина | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ преку даватели на услуги<br><br>-функционирање на тимови за домашна посета<br>-функционирање на тимови за здравствена заштита<br>-клуб и дневен центар за стари лица<br>-дом за стари лица | -Општина Делчево<br>- ЈУМЦСР<br>-Здравен дом Гоце Делчев<br>-НВО |

| | | | |
|---|---|---|---|

За реализација на овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на МТСП

**2.Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**

Во консултација со стручните служби во општинските училишта утврдено е дека се поголем е бројот на млади од средните па и од основните училишта кои конзумираат дрога и други психоактивни супстанции. На оваа возраст најчесто употребувани супстанции кај младите се марихуана, алкохол и седативи, многу поретко наркотични аналгетици и опијати. Поради тоа кај младите се јавува:

- загрозена сигурност и безбедност
- деца во судир со законот и асоцијално однесување
- запоставени деца(семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за децата)
- опасност по здравствената состојба на децата
- невклученост во образовниот процес
- изложеност на деликвентно однесување
- конфликти во семејството
- ризици по здравјето
- насилство, зависности
- криминогено однесување
- конфликти во семејството.

Со воведување на социјална услуга – советувалиште за млади во социјален ризик и ризик од зависности и нивните семејства превентивно ќе се делува за да се надогради знаењето на младите за штетното влијание на психотропните супстанци како од здраствен аспект така и од законодавен аспект, да се подигне јавната свест кај просветните работници а воедно и кај родителите, за промовирање активности кои би довеле до намалување на процентот на ризик за посегање по психотропни супстанци, а воедно да се даде поддршка на оние млади кои веќе

се зависници да посетат соодветни институции за нивната состојба и да се охрабрат родителите кои имаат деца зависници да  се обратат за помош во соодветни институции.

Во соработка со МВР - одел за  превенција, десиминатори од ЦКРМ – ОО Делчево  од областа на  врснички едукации од зависности од дрога и други психотропни супстанци, психијатар и социјални работници, ќе се формираат тимови кои ќе одржат бројни предавања и работилници со учениците, нивните родители и  вработените во училиштата во Делчево.

| ЦЕЛНИ ГРУПИ /ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ И ПРОБЛЕМИ | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ |
| 1. ДДЕЦА И МЛАДИНЦИ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ОД ЗАВИСНОСТИ | -Загрозена сигурност и безбедност<br>-Деца во судир со законот и асоцијално однесување<br>-Запоставени деца(семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за децата)<br>-Опасност по здравствената состојба на децата<br>-Невклученост во образовниот процес<br>-Изложеност на дееликвентно однесување<br>-Конфликти во семејството<br>-Ризици по здравјето<br>-Насилство, зависности<br>-Криминогено однесување<br>-Конфликти во семејството. | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ преку даватели на услуги<br><br>-мобилни тимови за идентификување на децата и нивните семејства<br>-организирање на вонредни систематски здравсствени прегледи за учениците<br>-едукација на семејствата<br>-акција за вклучување на децата во образовниот процес<br>-превентивни кампањи за злоупотреба на психотропни супстанци<br>-примена на превентивна програма во училиштата<br>-психосоцијални интервенции<br>-кампања за дестигматизација<br>-функционирање на тимови за домашна посета<br>-функционирање на тимови за здравствена заштита | -Општина Делчево<br>-МВР<br>- ЈУМЦСР<br>-Здравен дом Гоце Делчев<br>-Обрзовните институции<br>-НВО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

За реализација на овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на МТСП

3.Социјална заштита на лица со посебни потреби

Единствена институција во општината која згрижува лица со посебни потреби е Дневниот центар за лица со посебни потреби. Но не сите услуги кои им се потребни на лицата со посебни потреби се даваат во тој Дневен центар.Трансформацијата на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Центар за поддршка подразбира премин од периферна институција ( лимитирана во испорачување на услуги) во централна база на планирање и организирање на услуги и третман за лицата со поебни потреби на општинско ниво, во соработка со ЈУМЦСР , Општина Делчево и другите релевантни институции.

Тоа подразбира унапредување и проширување на услугите кон поголем број на лица со посебни потреби , согласно план и порграма за работа, и учество во планирање и давање на услуги на локално ниво, како централна институција која кореспонндира во рамките на системот и активно соработува со релевантните институции и граѓанскиот сектор.

Главна цел која ќе се постигне со трансформацијата на Дневниот центар е подобрување на кавлитетот на живеење на лицата со посебни потреби во Општина Делчево, преку градење на системски мерки на услуги со меѓусекторска соработка на ЈУМЦСР, Општина Делчево и НВО секторот за еднакви можности за социјална инклузија во заедницата.

Со унапредување на услугите на постојниот Дневен центар и негова трансформаццција ќе се содадат можности да одговори на потребите на поголем број на лица со посебни потреби на локално ниво и ќе ги овозможи следниве услуги:

- Рана интервенција и ран третман на деца од 1 до 5 годишна возраст, во домашни услови и во рамките на центарот во соработка со Здравствен дом Гоце Делчев Делчево и дополнителна функција со патронажните служби на Здравствениот дом.
- Подршка на деца со посебни потреби во рамките на училишната заедница , за нејзино интегрирање и јакнење на нивните капацитети преку рехабилитационен и едукативен третман во рамките на Училиштето и во Ценмтарот за подршка , согласно потребите.
- Овозможување на третман во рамките на Центарот за подршка кон деца со посебни потреби на основа на часовна артикулација со влез и излес во институцијата без дневен престој.
- Обезбедување на Дневен престој на лица кои имаат реални потреби, земајќи ги во предвид интересите и потребите на родителите.

Центарот за поддршка е алтернативна форма на услуга за лицата со посебни потреби која има централна позиција во и планирањето на потребите и услугите за лицата со посебни потреби на локално ниво во соработка со релевантите институции и организации.



ЦЕЛНИ ГРУПИ /ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ И ПРОБЛЕМИ | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ |
|---|---|---|---|
| 1.ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ | -отежнато извршување на основните животни потреби<br>-нфраструктурна непристапност-изолираност од социјалната средина<br>-отежнато вклучување во работниот процес<br>-отежнато вклучување во социјалната средина<br>-несоодветна грижа и нега на семејството | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ преку даватели на услуги<br><br>-функционирање на мобилни тимови за домашна посета<br>-ницирање изградба на соодветна инфраструктура за лицата со попреченост<br>-клуб на организирање на животот и едукација на лица со посебни потреби | -Општина Делчево<br>- ЈУМЦСР<br>-Дневен центар за лица со посебни потреби<br>-Здравен дом Гоце Делчев<br>-НВО |

За реализација на овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на МТСП

4.Социјална заштита на социјално загрозени семејства и поддршка на НВО

За остварување на социјалната превенција, Општина Делчево презема мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Правото на социјална заштита на социјално загрозените семејства, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на

социјалните потенцијал

Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители- деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

За таа цел Општина Делчево издвијува средства за парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) и средства за спортски клубови и НВО.

| Р.бр | Исплата по основ | Исплата вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) | **460.000 +персонален данок** |
| 2. | Трансфери за спортски клубови и НВО(спонзорство) | **900.000** |
| 3. | Трансфери за правни лица , здруженија на граѓани и други НВО(спонзорство) | **700.000** |
| | ВКУПНО: | **2.060.000 +даноци** |

**5.Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти**

Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината, стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства , парични награди за ученици роми, наградно патување за најдобрите ученици, и паричен подарок за секое прваче.

| Р.бр | Исплата по основ | Бр. на лица | Единечен износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Парична помош за секое новороденче во општината | 116 | 3.000 ден. | **350.000 ден**.+персонален данок |
| 2. | Парична помош за првото новороденче во 2020 година | 1 | 10.000 ден. | **10.000 ден** +персонален данок |
| 3. | Ученички стипендии за учебна 2020/21 | 10 ( ученици кои се од социјално ранливи семејства)<br><br>8 (ученици кои постигнале значителни резултати во учењето) | 1.000 ден. х9 месеци<br><br>1.500 ден. х9 месеци | **90.000 ден.** + персонален данок<br><br>**108.000 ден.+** персонален данок |
| 4. | Студентски стипендии за студиска 2020/21 | 6 ( студенти кои се од социјално ранливи семејства | 2.000 ден.х9 месеци | **108.000 ден.**+ персонален данок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 4 (студенти кои постигнале значителни резултати во студирањето) | 3.500 ден.х9 месеци | **126.000 ден.**+ персонален данок |
| 5. | Стипендии за првенците на генерацијата 2020/2021 | 3 (првенци од двете ООУ и СОУ) | 2.000 ден. х9 месеци 2020/2021<br>- 4 месеци во 2020 година<br>- 5 месеци во2021 година | **54.000 ден**.+персонален данок |
| 6. | Наградно патување за најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ за 2020 | 10 | 30.000 ден. | **До 300.000 ден. /360.000 со ДДВ** |
| 7. | Парична награда за најдобриот ромски ученик | 1 | 10.000 ден. | **10.000 ден**.+персонален данок |
| 8. | Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари | | | **60.000 ден. + персонален данок** |
| 9. | Паричен подарок за секое прваче во учебната 2020/2021 | 85 | 3.000 | **255.000 ден+персонален** |
| | | | ВКУПНО: | **1.470.000 ден.+ даноци** |

**6.Воведување на социјална услуга-лични односно образовни асистенти**

Воведување на социјалната услуга- лични односно образовни асистенти ќе се одвива преку активности на воспитно- образована дејност за деца со попреченост , деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани семејства. Ангажираните лични односно образовни асистенти за крајни корисници ќе ги имаат децата со посебни потреби односно ученици кои покажуваат послаб резултат во школувањето и тоа во ООУ „"Св. Климент Охридски" , ООУ „Ванчо Прке и СОУ„ Методи Митевски-Брицо" . Слабиот успех, нередновноста во училиштата, недисциплината кај дел од учениците во основните училишта во Делчево, се одраз на нискиот социјален статус на семејствата и нивна дисфункционалност. Основното образование е клучно во градењето на капацитет но и на личноста како човек. Недоволното знаење и лошите резултати во овој период од животот на децата е клучен за понатамошен развој на личноста.

Во случаи во кои родителите не се доволно едуцирани и не можат дури и да сакаат да им помогнат на учениците во извршувањето на нивните секојдневни училишни обрвски, а немаат финансиски средства за приватни часови, учениците се оставени сами на себе да се снаоѓаат како умеат. Овие ученици имаат потреба од дополнителна помош за пишување на домашните задачи, но и за утврдување на потребното градиво.

Со помош на образовните асистенти, кои имаат завршено високо образование од образовните струки, а се невработени, овој проблем ќе се надмине, ќе се олесни пристапот на учениците кон новите знаења, ќе се подобри успехот и ќе се надмине дел од нередовноста на самите ученици.

**За реализација на овие активности ќе бидат обезбедени средства од Проектот за развој на социјалните услуги , ССИП Проект на МТСП**

**7.Општинско корисна работа и јавни работи**

Програмата Општинско –корисна работа има за цел :

**-Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост** на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд

**-Да ја зголеми понудата на општински услуги** согласно потребите на населението а кои се во надлежност на локалната самоуправа

**-Во сезонскиот период** кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

**ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА И ЈАВНИ РАБОТИ ЗА 2020/2021 година**

| Р.бр | Исплата по основ | Бр. на ангажирани лица | Единечен износ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ангажирани невработени лица во Општинско корисна работа во 2020/21 | 20 | 9.000 ден.x 20 лица x 6 месеци | **1.080.000 ден.** од кои Општина Делчево обезбедува **185.760 денари** |
| 2. | Ангажирани невработени лица по основ изведување на јавни работи | 40 | 7.000 денари x 40 лица x 8 месеци | **2.240.000 денари** +персонален данок и колективно осигурување |

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на

Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2020 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Градоначалникот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-364/1**
**10.02. 2020 година**
**Делчево**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**Претседател**
**Драган Маневски,с.р.**

**10.**

Врз основа на член 14 став 5 и 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ( „Службен весник на Република Македонија“, број 6/2012 ,166/2014 и 150/2015) и член 30 став 1 алинеја 7 и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.15/2013 и 2/2019) , Советот на Општина Делчево на својата 35. редовна седница одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

ДЕЛОВНИК
ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Член 1

Со овој Деловник , поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево(во натамошниот текст КЕМ), надлежностите на КЕМ, формирањето и начинот на избор на претседател/ка на КЕМ, правата и должностите на претседателот/ка на КЕМ, правата и должностите на членовите на КЕМ, јавноста и информирањето на КЕМ, односите на КЕМ со општината, јавните служби , институциите и НВО, како и други прашања од значење за работата на КЕМ.

НАДЛЕЖНОСТИ НА КЕМ

Член 2

Согласно Законот за еднакви можности и Статутот на Општина Делчево КЕМ ги има следните надлежности:

- Дава мислење по однос на материјалите и предлозите на седниците на Советот на општина Делчево,
- Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на општината, донесувањето на буџетот на општината, статутот, програмата за работа на советот на општината и др.
- Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминација во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација,
- Се грижи за доследно спроведување на одредбите на Законот за еднакви можности и други закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата, предлагајќи му на советот на општината мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на општината,
- Ги разгледува прашањата кои се однесуваат на рамноправноста меѓу половите во сите области од општествениот живот и дава мислење, предлози и сугестии за разрешување на проблемите и решавање на прашањата кои се однесуваат на оваа проблематика,
- Предлага Стратегија за родова рамноправност, акциски планови и др.стратешки документи од областа на еднаквите можности на жените и мажите.

ФОРМИРАЊЕ НА КЕМ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ/КА НА КЕМ

Член 3

Формирањето на КЕМ се врши на првата редовна седница на Советот на Општина Делчево, со донесување на одлука за формирање на КЕМ.

КЕМ се формира од членови на Советот на Општина Делчево. За членови на КЕМ се предлагаат претставници од сите советнички групи кои се застапени во Советот на Општина Делчево, при тоа имајќи предвид подеднаква застапеност на жени односно мажи. КЕМ е формирана кога за неа гласале мнозинството од вкупниот број присутни членови на Советот на Општина Делчево .

КЕМ има претседател/ка кој го/ја избира Советот на Општина Делчево , по предлог на еден или група членови на Советот.

Претседателот/ката е избран/а ако за него/а гласале мнозинството од вкупниот број на членови на Советот.

ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ/КА НА КЕМ

Член 4

Претседателот/ката на Советот :

- ја претставува, застапува и раководи со КЕМ ;
- се грижи за организацијата и работата на КЕМ;
- претседава и учествува во работата и одлучувањето на КЕМ;
- го спроведува деловникот за работа на КЕМ ;
- ги потпишува записниците и другите предлог-одлуки,решенија, заклучоци и акти, донесени на седница на КЕМ;

- иницира и остварува соработка на КЕМ со јавните служби, институциите и НВО на подрачјето на општината, КЕМ при Собрание на РМ, МТСП – Сектор за еднакви можности, КЕМ од другите општини;
- дава информации за јавноста за работата на КЕМ;
- врши и други работи определени со Статутот на Општина Делчево.

По исклучок од став 1 на овој член , во отсуство или спреченост на претседателот, наведените работи во став 1 од овој член ги врши член на КЕМ, определен од страна на претседателот/ката на КЕМ.

ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КЕМ

Член 5

Членот на КЕМ :

- учествува во работата и одлучувањето по прашањата што се ставени на дневен ред на седницата на КЕМ и постапува по нивните заклучоци;
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на КЕМ ;
- одговорно, законито и совесно ги извршува работите од надлежност на КЕМ;
- го спроведува Деловникот за работа на КЕМ.

НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КЕМ

Член 6

КЕМ работи на седници. Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот/ката на КЕМ . Седниците се свикуваат еднаш во месецот а во интервентни ситуации се свикуваат и почесто.

Седниците се свикуваат и по барање на член од КЕМ , Советот на Општина Делчево или по барање на Градоначалникот на Општина Делчево.

Во отсуство на Преседателот/ката со седницата раководи член на КЕМ, определен од страна на претседателот/ката на КЕМ.

Член 7

На седниците на КЕМ , може да присуствува Градоначалникот на општина Делчево и Претседателот на Советот на Општина Делчево , а по потреба и други претставници од локалните институции во општината и НВО , доколку се утврди потреба од нивно присуство заради соодветна помош во дадени ситуации.

Член 8

Пред почетокот на седницата, претседателот/ката на КЕМ го утврдува присуството на членовите и дневниот ред. Членот на КЕМ може да предложи измена и дополнување на дневниот ред, по кој предлог се одлучува со гласање.

За работата на КЕМ се води Записник. Записникот го води координаторот/ката за еднакви можности при Општина Делчево . Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, бројот на присутни и отсутни членови на КЕМ, со име и презиме, дневниот ред што е усвоен на седницата, предлозите што се поднесени и одлуките кои се донесени.

КЕМ го разгледува и усвојува записникот на наредната седница и секој член од КЕМ има право да даде забелешка.

Усвоениот записник го потпишува претседателот/ката на КЕМ и записничарот и истиот им се испраќа на членовите на КЕМ по електронска пошта.

Член 9

КЕМ може да работи и да одлучува ако присуствува мнозинството од вкупниот број членови на КЕМ.

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството од присутните членови на КЕМ.

Членовите на Советот гласаат јавно „ за“ или “ против “.

ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Член 10

КЕМ за својата работа, поднесува извештај до Министерството за труд и социјална политика, до 31 Март тековната година, за претходната година. КЕМ ја известува јавноста за својата работа, преку извештаи или информира и дава изјави за електронските и печатените медиуми .

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој Деловник влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09- 365/1**
**10.02.2020 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Драган Маневски,с.р.**

**11.**Врз основа на член 88 став 3 и 4 од Законот за измена на Законот за административни службеници „Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 11/18, 4/19, и „Сл.весник на РСМ“ бр.276/19), а во врска со Одлуката на Владата на РСМ за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2020 („Сл.весник на РСМ“ бр.276/19) и член 36 од Законот за локална самоупрва („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на општина Делчево, на својата 35.редовна седница одржана на 10.02.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите

на административните службеници

во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Делчево“.

Број 09-366/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02.2020 год. Претседател,

Делчево Драган Маневски ,с.р.

12.Врз основа на член 166-з од Законот за измена на Законот за заштита на децата „Сл.весник на РСМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 година и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), а во врска со Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца („Сл.весник на РСМ“ бр.13/2020) и член 36 од Законот за локална самоупрва („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, Советот на општина Делчево, на својата 35.редовна седница одржана на 10.02.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување максимален износ на вредноста на бодот за пресметување на платите**

**на давателите на јавни услуги и на директорот**

**на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Број 09-367/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.02.2020 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

13.

Врз основа на член 166-з од Законот за измена на Законот за заштита на децата „Сл.весник на РСМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 година и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (“Сл.весник на РСМ“ 249/19 и 266/19) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, Советот на општина Делчево, на својата 35.редовна седница одржана на 2020 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите

на помошно-технички лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно-технички лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Делчево“.

Број 09-368/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02.2020 год. — Претседател,

Делчево — Драган Маневски,с.р.

14.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“), Советот на Општина Делчево, на својата 35.редовна седница, одржана на ден 10.02. 2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на

ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево во првото полугодие

од учебната 2019/2020

1. Се усвојува Полугдишниот извештај за работата на ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево во првото полугодие од учебната 2019/2020.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-369 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02.2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

15.Врз основа на член 6 став 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12, 154/15 и 192/15 и 23/2016), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.13/2015), Советот на Општина Делчево, на својата 35.седница, одржана на 2020 година, донесе

ОДЛУКА

за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на

иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево ги ослободува од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување во следните населени места со објекти:

1. Населено место со објекти ,,Манастирски ендек“ (од левата страна на ,,Манастирски ендек до крајот на м.в.„Брежјето“).
2. Населено место со објекти „Долни Бавчи“.
3. Населено место со објекти „Студена чешма“.

Член 2

Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса.

Член 3

Оваа Одлука да се достави до Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија (ЕВН Македонија) КЕЦ Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-370/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**10.02. 2020 год.** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

16.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“), Советот на Општина Делчево, на својата 35.редовна седница, одржана на ден 10.02.2020 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Полуодишниот извештај**

**за работата на СОУ „М.М.Брицо“ -Делчево**

**за учебната 2019/2020**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ 2019/2020 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-371/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10.02.2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

17.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ“ бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015), Советот на општина Делчево на својата седница одржана на ден 10.02.2020 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
За приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен “.

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по програмата за за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2020 година.
Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.999,893.25денари.

Член 2

За реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен “. во

должина од 720 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен “.. ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-372/1

10.02.2020

Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски,с.р.